Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-401/15
01-04-2024 2024 год.
СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 482-та седница одржана на 27.03.2024 година, согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), ја донесе следната

## О Д Л У К А

СЕ УТВРДУВА бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Северна Македонија на 162 (сто шеесет и два), за X-та (десеттата) генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот најдоцна до 31 март тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободни судиски места во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

Судскиот совет на РСМ формира комисија која изврши анализа и изготви проекција за слободните судиски места за основните судови во РСМ, имајќи ги предвид претходно изготвените анализи за потребниот број на судии во судовите во РСМ, како и и зголемениот број на испразнети судиски места поради исполнување на услови за старосна пензија, поради што одлучи согласно потребите да ја донесе оваа одлука.

Имајќи го предвид наведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучи како во изреката на оваа одлука.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**